**KARATE FEDERACIJA NA MAKEDONIJA**

**KARATE FEDERATION OF MACEDONIA**

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје

Градски парк бб
Кош. сала Работнички
1000 Скопје
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994
www.kfm.com.mk
E-mail:contact@kfm.com.mk

Членка на Светската (WKF), Европската (EKF) и Балканска Карате Федерација (BKF)

До Карате клубовити членки на Карате федерација на Македонија

Почитувани,

Ве информираме дека Извршниот одбор на КФМ на седницата одржана на 13.08.2013 година, ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Извршниот одбор едногласно го усвои:
   - Записникот од седницата на Извршниот одбор на КФМ, одржана на 27.07.2013 година;
2. Извршниот одбор, согласно образложението на тренерот на државната репрезентација за јуниори до 21 година, борби, Арлинд Хусеини не го прифати барањето на КК Макпетрол за вклучување на натпреварувачката Сара Радичевска во списокот на репрезентативци, учесници на Светското првенство за кадети и јуниори и јуниори до 21 година. Образложението на тренерот на државната репрезентација да се достави до КК Макпетрол.

3. Извршниот одбор, согласно образложението на тренерот на државната репрезентација за кадети и јуниори, борби, Жарко Арсовски не го прифати барањето на КК Металург, за вклучување на натпреварувачите Адил Мехмед и Петар Спасеноски во репрезентацијата која ќе ја преставува Македонија на Светското првенство за кадети и јуниори, и јуниори до 21 година. Образложението на тренерот на државната репрезентација да се достави до КК Металург.

4. Извршниот одбор, согласно образложенијата на тренерите на државната репрезентација Арлинд Хусеини и Жарко Арсовски не го прифати барањето доставено од Елвир Куртановиќ за вклучување на натпреварувачи (Адил Мехмед, Вероника Костовска, Марија Матракоска, Сара Радичевска и Мурсел Мисини) во државната репрезентација за настап на Светското првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година, што ќе се одржи во Гвадалахара, Шпанија. Образложенијата на тренерите на државната репрезентација за наведените натпреварувачи да се испратат до Елвир Куртановиќ.

5. Извршниот одбор, го усвои списокот на натпреварувачи учесници на Светското првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година доставен од тренерот на државната репрезентација за кати Златко Димоски во состав: Кати кадетки – Маријана Димоска, ката тим во состав: Маријана Димоска, Мишела Димоска и Искра Каракашоска, ката јуниорки до 21 година – Пуликсенија Јованоска. Се задолжи тренерот на државната репрезентација Златко Димоски да достави стручно образложение за категоријата јуниори за натпреварувачите Ферри Исиќ и Васил Бешлиев.

6. Извршниот одбор го усвои Извештајот од одржаниот состанок со Претседателот на Балканската федерација, Џорџ Јеролимпус, доставен од членовите на ИО, Горан Милковски и Бесник Мурати.
   Извршниот одбор донесе заклучок, дека не се прифатливи методите на постапување и работа кои ги применил Г-дин. Јеролимпус кој барал изјаснување од претставниците на КФМ и завземање на страна без да биде подготвен и доставен пишан материјал до КФМ. Карате федерацијата на Македонија во своето работење ќе се раководи според правните акти и регулативи на Европската и Светската карате федерација.

Срдечни поздрави,

.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Драган Стојановски с.р.